# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА
## Глобален индекс на конкурентност 2010/2011

**Септември, 2010**

**Република Македонија**
**Ранк: 79 од 139 држави**




Швајцарија и во најновото рангирање, останува најконкурентна земја во светот, објави денеска Светскиот економски форум (World Economic Forum). Македонија во годинешниот извештај на СЕФ за светската конкурентност за 2010/11 година се наоѓа на 79 место меѓу 139 држави, додека минатата година беше на 84.

Втора земја по конкурентност е Шветска, трета - Сингапур, а на четвртото место се САД. Минатата година азискиот град-држава беше на трето, а Шведска на петто место. Во најновиот извештај Германија е на петто место, додека лани беше седма по конкурентност, а Јапонија од минатогодишното шесто сега е на осмо место. Финска го зазема седмото место, Данска е деветта, а Канада, на рејтингот на СЕФ, е на десетто место. Од земјите од поранешна Југославија најдобра позиција има Словенија - 45 место, и покрај тоа што минатата година беше 37. Влошен е и рејтингот на Србија која од 93 место, годинава е на 96, Хрватска од 72 место лани, сега е на 77, а Босна и Херцеговина од 102 сега е на 109 место.

Светскиот економски форум забележува напредок кај Црна Гора која во годинешниот извештај е рангирана на 49 место, а минатата година беше 62.

Меѓу големите економии, Кина е на 27 место по конкурентност односно се искачи за две места во споредба со мината година, додека Русија од 63 место лани сега е на 51 место, а Украина која минатата година беше на 82 сега е на 89 место по конкурентност.

Рангирањето е објавено врз основа на Глобалниот индекс на конкурентност, при што се земени различни индикатори за инвестициската клима за 139 земји во светот. Светскиот економски форум е меѓународна невладина организација, насочена кон развој на меѓународната соработка како на глобално, така и на регионално ниво.

Светскиот економски форум е со седиште во Женева го објави извештајот пред состанокот што идната недела ќе се одржи во кинеското пристаниште Тјанџин, во близина на Пекинг.

---

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk